ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-30/32
Дата, Data 21-01-2021
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, член 37-м од Законот за јавни претпријатија, член 33 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување како и начинот на бодирањето за давателите на јавните услуги и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а врз основа на Јавнот оглас бр.7/2020 година за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Вопдовод и канализација – Скопје на неопределено време објавен во дневните весници Нова Македонија, Коха и Слободен печат, директорот на претпријатието донесе

# ОДЛУКА

за избор на кандидат за склучување
Договор за вработување на неопределено време

**Член 1**

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас објавен во дневните весници „Нова Македонија", „Коха" и Слободен печат на ден 28.12.2020 година, за засновање на работен однос на 2 (два) извршители на работно место КДР0305В02008 Водоинсталатер, монтер III- група, во Одделение за одржување на водоводната мрежа - Регион Север, во Сектор Водовод, се избираа кандидатите:

1. **Таип Ковачи**
2. **Афет Аети**

**Член 2**

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје, Записникот од спроведената административна селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх. Бр.0401/30/18 од 15.01.2021 година, и Записникот од извршената селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати арх.бр.0401-30/27 од 20.01.2021 година, по Јавен оглас бр.7/2020 за вработување на даватели на јавни услуги во областа на комуналните дејности и на други дејности заради кои се основани јавните претпријатија од групата III и подгрупа V во ЈП Водовод и канализација - Скопје на неопределено време.

**Член 3**

Избраните кандидати ќе засноваат работен однос на ден 01.02.2021 година со потпишување на Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

**Член 4**

Одлуката за избор да се достави до избраниот кандидат и да се објави на интернет страницата и на огласна табла на претпријатието.

**Член 5**

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

Правна поука:Против оваа Одлука Незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Именованиот
- Кадрова и општа служба x 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Душко Весковски